Врз основа на член 127 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.06.2007 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ВИДОТ НА ВООРУЖУВАЊЕТО НА ПОЛИЦИЈАТА И ОПРЕМАТА НА ПОЛИЦИСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 1

Со оваа одлука се определува видот на вооружувањето на Полицијата и опремата на полициските службеници.

Член 2

Вооружувањето на Полицијата во зависност од полициските работи кои ги врши е составено од:
- пиштол;
- револвер;
- кратко автоматско оружје;
- долго полуавтоматско оружје;
- долго автоматско оружје;
- сигнално оружје;
- кратко и долго оружје за испалување на хемиски средства, ракети, гранати, мини, гумени куршуми, и друг вид на муниција и проектили;
- минско експлозивни и пиротехнички средства;
- самострел;
- пригушувач на звук од оружје и
- прибор и муниција.

Член 3

Опремата на полициските службеници во зависност од полициските работи кои ги вршат е:
- гумена палка;
- палка за интервенција;
- средства за врзување;
- батериска лампа;
- заштитен панцирен елек;
- тактички елек;
- заштитна кошула;
- заштитен шлем;
- заштитна маска;
- кацига со визир и штитник за брада;
- штитници за одделни делови на телото;
- заштитен штит;
- ракавици;
- комплет прибор за јадење;
- шаторско крило;
- вреќа за спиење;
- ранец;
- подметач за вреќа за спиење;
- свирче;
- фосфорен елек;

- мегафон;
- комплет за прва помош;
- средства за зашеметување и привремено онеспособување;
- опрема за насилно влегување во просторија;
- направа за присилно запирање на моторни возила;
- заштитна ограда;
- стоп палка;
- полициски опасач, футрола за пиштол, футрола за муниција, футрола за средства за врзување, футрола за средства за зашеметување и привремено онеспособување, футрола за клучеви, футрола за радио врска, држач за палка, држач за батериска ламба, футрола за мултифункционален алат и друго;
- футрола за пиштол за прикриени активности;
- торба со футрола за топографски карти;
- мултифункционален алат (Гербер);
- нож;
- рачна бусола;
- уред за сателитска навигација ГПС;
- личен систем за носење и пиење вода и
- рачни уреди за денско и ноќно набљудување.

Член 4

Посебната опрема на полициските службеници во зависност од полициските работи кои ги вршат се: технички средства, опрема и возила за регулирање, контрола и надзор на патен и железнички сообраќај, специјални возила за копнен, воздушен и воден сообраќај, технички средства, опрема, возила и пловни објекти за регулирање, контрола и надзор на државната граница, криминалистичко техничка опрема, посебна заштитна опрема, информатичка, телекомуникациска опрема, спортска опрема (планинарска, алпинистичка, скијачка, нуркачка и друга опрема), опрема за извидување, превозни средства за копнен, воздушен и воден сообраќај и посебна опрема за хеликоптерската единица.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 11.11.2007 година.

Бр. 19-3697/1
19 јуни 2007 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.